Во 1946 година државата и одзела на Црквата во Лешок голем имот и последниве декади, повторно е вратен одземениот имот на црквата, меѓу кои и споменатитениви подарени од родот Лалошои. Види, ( Р. бр. 1, стр. 244-261 и Р. бр. 21, стр.157-160). **в. Лалошоа нива, коштање,**

**Лалошооj** - Лалошои, Ова е голем свештенички род од Лешок, кој има **лоза во Непроштено**. Родот Лалошои ја слави **Пречиста**, односно заштитничка е Богородица. Родот го добил името по предокот Лалош кој бил многу авторитетен и богат, бидејќи од тогаш овој род имал свештенички корени. Уште тогаш Лалош од родот Глајноој подарил нива на Манастирот, која и денес е заведена во црковните и катастарски документи, како Лалошоа нива. ( Р. бр. 1, стр. 244-261 и Р. бр. 21, стр.157-160). Пред да се појави Лалош, овој свештенички род, тогаш се викал Главинои (Глајноој) и ја славеле Пречиста и заштитничка им била Богородица. Од родот Главинои потекнува и епископот Скопски и Полошки Никанор, кој во првата половина на 17 век ја обновил црквата Богородица во Лешок. Поп Спиро бил јатак на ВМРО од Лавце до Првце. Поп Спиро Онуфриевски бил затворен заедно со двајцата браќа Јасре и Атанас, во 1905 г. за Сардисувањето на Лешочкиот манастир. Од вкупно 1645 лица од родот Лалошои од Лешок и Непроштено, потомци на јереј Онуфрие до 2009 год., по машка и по женска линија обработив вкупно 878 лица, види: Преглед ( Р. бр. 1, стр. 57-60 и Р. бр. 4, стр. 88- 89). Од потомците на поп Спиро (фамилија Спироски) со состојба во 2009 година, обработив вкупно 161 потомци и од трите браќа Јасре 175, Атанас 63 и Ѓорче 226 потомци. ( Р. бр. 1, стр. 347-348). Од големиот род Лалошооj се појавија седум нови големи фамилии: Спироски, Јастревски, Поповски, Ацовски, Дамјановски, Коцевски, Пауновски, Ончевски, и др. За свештеничкиот род Лалошои од Лешок има запишано во повеќе книги и документи, а јас би ја посочил книгата: Родот Лалошои од Лешок на мојот татко Живко Т. Спироски, под Р. бр. 4 ( стр. 104 -120) и мојата книга: Поповската фамилија Спироски-Онуфриевски -Лалошои -Главинои - Византијци од Лешок, под Р. бр. 1 ( стр. 158 -236 и 244-261).

Во 2009 година стеблото на родот Лалошои од Лешок познава единаесет колена ( Лалош - Милош - поп Китан - поп Симон - поп Онуфрие - поп Спиро - Трпо - Живко - Митко - Огнен - Луна).

Од родот Лалошои во војните во минатиот век загинати се три лица: Борис Коце Исаковски, Ќирко Трипун Ончески и Андреа Трипун Манојловски/иќ. ( Р. бр. 1 , стр. 760 – 768 и 769-810) и Р. бр. 81, стр. 47- 49 ).

Од овој род иста генерација и заедно учевме Јас, братучедата Рада С. Спироска и Дафинка П. Поповска, а Зора К. Дамјановска иако родена 1949, учеше една година пред нас. Види: Р. бр. 64 и 69 ( стр. 124, 127,145 и 148). **в. Спирооj, слава, род, Споменик, Дамјанооj, Јасреej, Пауноoj, Ончееj, https://mk.wikipedia.org//Лешок, http://spiroski.com.mk/**



Мајка Богородица, заштитмичка на родот Лалошооj, домашна икона, купена Крф од црквата и моштите на Св.Спиродон